Бр. 08-1140/2
19.10.2026 година
Скопје

Врз основа на членовите 14 и 15 од Статутот на Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 08-348 од 21.4.2011 година и член 4, став 1 од Правилникот за критериумите, начинот и постапката за користење на средствата на Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 08-704/2 од 4.6.2021 година, Одборот на Фондацијата распишува

КОНКУРС
за доделување стипендии на прв циклус студии од Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Фондацијата „Константин Стојанов“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје доделува стипендии за студенти:

I. Право да конкурираат имаат сите запишани студенти:
❖ на прв циклус студии, на студиските програми по француски јазик и книжевност на Катедрата за романски јазици и книжевности и на Катедрата за преведување и толкување (со француски јазик како прв јазик) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

II. Предност ќе имаат кандидатите запишани на Катедрата за романски јазици и книжевности, на групата за француски јазик и книжевност.

III. Студентите кои ќе конкурираат треба да ги исполнуваат следните услови:
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да не се корисници на некаква друга стипендија од други установи, институции или компании;
- да имаат статус на редовни студенти (предност ќе имаат кандидати со ограничени материјални можности);
- при изборот ќе се земат предвид успехот постигнат во средното образование, материјалната состојба, мотивацијата за студирање и плановите за понатамошно академско или научно усовршување;
- понатамошен услов за продолжување со стипендијата од Фондацијата за сите студенти е да ги имаат положено сите испити во предвидените рокови и да имаат просечен успех од најмалку 8,00.

IV. Потребни документи:
- пријава од кандидатот со назнака дека се работи за Конкурс за доделување стипендии од Фондацијата „Константин Стојанов“;
- биографија (CV);
- потврда за редовен студент;
- кратко мотивациско писмо во кое кандидатот ќе ги образложи причините за пријавување и своите академски планови;

- уверение за положени испити и остварен просечен успех, за кандидатите кои веќе имаат остварено академски резултати на Универзитетот.

V. Висината на стипендијата изнесува 12.000,00 денари месечно.

VI. Правата и обврските на корисниците на стипендијата ќе се утврдат со договор со секој корисник поединечно.

VII. Пријавите, со потребната документација, се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Конкурсот на веб-страниците на УКИМ и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Документите се поднесуваат електронски на следнава е-адреса: n.p.kostovska@ukim.edu.mk

Фондација „Константин Стојанов“ при
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје